Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 151, став 5 од Законот за енергетика (“Службен весник на РМ” бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13 , 41/14, 151/14 , 33/15 , 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) и член 8, став 1 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/12, 97/12, 63/13 и 25/15), а постапувајќи по барањето на Друштвото за производство на електрична енергија ХИДРОЕНЕРГИЈА ДООЕЛ с. Батинци Студеничани за издавање на привремено решение за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија, на седницата одржана на ден 10.05.2018 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ**
**НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за производство на електрична енергија ХИДРОЕНЕРГИЈА ДООЕЛ с. Батинци Студеничани со седиште на ул. 8 бр. 42, с. Батинци Студеничани, му се издава решение за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата МХЕ Стровија со реф. бр. 250 со планирана моќност од 446 kW (согласно Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа МХЕ Стровија со реф. бр. 250, склучен помеѓу Министерство за животна средина и просторно планирање со бр. 11-795/1 од 30.01.2018 година и Друштвото за производство на електрична енергија ХИДРОЕНЕРГИЈА ДООЕЛ с. Батинци Студеничани, со бр. 0307-003 од 30.01.2018 година) и со локација на водотекот на река Стровија, КО Стровија, општина Долнени.

2. Податоци за носителот на решението:
   - назив и седиште: Друштво за производство на електрична енергија ХИДРОЕНЕРГИЈА ДООЕЛ с. Батинци Студеничани со седиште на ул. 8 бр. 42, с. Батинци Студеничани;
   - единствен регистарски број на електроцентралата: PP-SH-235;
   - назив на електроцентралата: хидроелектроцентрала МХЕ Стровија со реф. бр. 250;
   - податоци за локација на електроцентралата: на водотекот на река Стровија, КО Стровија, општина Долнени;
   - планирана моќност на електроцентралата: 446 kW;
   - планирано годишно производство на електрична енергија од електроцентралата: 1.570 MWh;
   - датум на престанок на важење на ова решение: 30.01.2021 година.

3. Хидроелектроцентралата МХЕ Стровија со реф. бр. 250 со планирана моќност од 446 kW и со локација на водотекот на река Стровија, КО Стровија, општина Долнени, треба да биде пуштена во употреба во рокот утврден во точка 2 на ова решение.

4. Носителот на ова решение може да поднесе барање до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за продолжување на важноста на ова решение во постапка утврдена во член 10 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија.

5. Носителот на ова решение е должен да ја извести Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за секоја статусна промена и/или промена на техничко-технолошките карактеристики на електроцентралата, наведени во ова решение, согласно член 11 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија.

6. Со денот на влегување во сила на ова решение, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија го впишува носителот на ова решение и електроцентралата во Регистарот на повластени производители.

7. Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија го доставува ова решение до барателот, Операторот на пазарот на електрична енергија и до Агенцијата за енергетика на Република Македонија.

8. Жалбата изјавена против ова решение не го одлага неговото извршување.

9. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Друштвото за производство на електрична енергија ХИДРОЕНЕРГИЈА ДООЕЛ с. Батинци Студеничани со седиште на ул. 8 бр. 42, с. Батинци Студеничани, согласно Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/12, 97/12, 63/13 и 25/15), на 17.04.2018 година до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија поднесе Барање за издавање на решение за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија, за хидроелектроцентралата МХЕ Стровија со реф. бр. 250, со планирана моќност од 446 kW (согласно Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа МХЕ Стровија со реф. бр. 250, склучен помеѓу Министерство за животна средина и просторно планирање со бр. 11-795/1 од 30.01.2018 година и Друштвото за производство на електрична енергија ХИДРОЕНЕРГИЈА ДООЕЛ с. Батинци Студеничани, со бр. 0307-003 од 30.01.2018 година) и со локација на водотекот на река Стровија, КО Стровија, општина Долнени, заведено под архивски број УП1 бр. 08-27/18.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија ја разгледа документацијата и утврди дека Барањето за издавање на решение за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија и документацијата на Друштвото за производство на електрична енергија ХИДРОЕНЕРГИЈА ДООЕЛ с. Батинци Студеничани за хидроелектроцентралата МХЕ Стровија со реф. бр. 250 е комплетно и нема недостатоци.

Врз основа на член 7, став 1 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на ден 25.04.2018 година, донесе Заклучок за уредност на барањето УП1 бр. 08-27/18.

Согласно член 7, став 3 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на ден 09.05.2018 година одржа подготвителна седница.

Врз основа на забелешките од подготвителната седница, согласно член 8 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на ден 10.05.2018 година одржа главна седница на која донесе решение за стекнување на привремен статус на повластен

производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за МХЕ Стровија со реф. бр. 250, со планирана моќност од 446 kW и со локација на водотекот на река Стровија, КО Стровија, општина Долнени на Друштвото за производство на електрична енергија ХИДРОЕНЕРГИЈА ДООЕЛ с. Батинци Студеничани, со седиште на ул. 8 бр. 42, с. Батинци Студеничани.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на доставувањето.

**УП1 бр. 08-27/18**
**10.05.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Димитар Петров**